Подружницата на Асоцијацијата на агенции за локална демократија – АЛДА Скопје, Европското движење и Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија – Велес објавува

# Повик за обуки за претставници на граѓански организации и локални самоуправи

Во рамките на проектот **„Граѓанските организации во служба на локалната демократија"** ќе се спроведат серија бесплатни дводневни обуки наменети за претставници на граѓанските организации и локалните власти.

1. Обука „Алатки за локална демократија"
2. Обука „Локални финансии: буџетирање и транспарентност"
3. Обука „Како да се креира транспарентен процес за финансирање на граѓанските организации од буџетот на локалните власти – методологија"
4. Обука: „Раководење со проектен циклус и ЕУ фондови"

Повеќе детали за секоја обука можете да прочитате **тука.**

Проектот има за цел да го зајакне влијанието на организациите од граѓанското општество во јавните политики на локално ниво. Активностите придонесуваат кон воспоставување на соработка помеѓу граѓанските организации и локалните власти како и креирање на овозможувачко финансиско опкружување за мали локални организаци. Овој проект ќе овозможи зајакнување на улогата на граѓанските организации како клучен фактор во процесот на пристапување кон ЕУ.

Проект е финансиски поддржан од Европската Унија преку ИПА програмата за граѓанско општество и програмата за медиуми 2015. Обуките се кофинансирани во рамките на програмата за соработка Нормандија – Македонија.

**Начин на пријавување:** Секој заинтересиран/а кандидат/ка потребно е да го потполни и достави **Образецот за пријавување**.

**Рок за пријавување:** Пополнетиот образец за пријавување доставете го до cso.democracy@aldaintranet.org најдоцна до **10 ноември 2017 година**. Сите трошоци за обуките се обезбедени од организаторот.

CSOs for Making Local Democracy Work
This project is funded by the European Union